Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

Врз основа на член 158-ѕ, точка 1) и член 122, точка 6), а во врска со членовите 116, став (1) и (2) и 104, став (1) точки 2) и 3) од Законот за супервизија на осигурување – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/2012), Одлука на Уставен суд бр. 202/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2012), Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013) и Законот за изменување и дополнување на Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе:

# ПРАВИЛНИК
## за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар
### Општи одредби

**Член 1**

(1) Со овој правилник се пропишува деталната содржина на потврдата што овластениот актуар (во натамошниот текст: актуар) на друштвото за осигурување и/или реосигурување (во натамошниот текст: друштво за осигурување) ја доставува до Агенцијата за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Агенцијата) согласно Законот за супервизија на осигурување (во натамошниот текст: Законот).

(2) Актуарот ја изготвува потврдата на образецот кој е даден во прилог на овој правилник и е негов составен дел.

### Содржина на потврдата

**Член 2**

(1) Потврдата на актуарот содржи мислење на актуарот за:

1) информациите и податоците кои ги користи актуарот;
2) тарифите на премии;
3) техничките резерви;
4) потребното ниво на маргина на солвентност и гарантниот фонд;
5) финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето; и притоа задолжително ги содржи следните информации:
- назив, адреса, телефон и веб-страница на друштвото за осигурување;
- име и презиме, телефон и e-mail на овластениот актуар;
- период за којшто се однесува потврдата;
- класите на осигурување за кои се подготвува потврдата;
- валутата;
- актуарските модели и клучни претпоставки кои се применети;
- сите промени во актуарските модели и клучни претпоставки кои се применети во претходната потврда изготвена од истото лице;
- резултати;
- неизвесноста содржана во резултатите;
- ефектот од каков било познат тековен или планиран развој во работењето на друштвото за осигурување кој би имал влијание на заклучокот на потврдата;
- run-off анализа за проверка на адекватноста на проценката на резервите за штети.

Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

(2) Доколку потврдата не ги содржи сите точки наведени погоре, треба во потврдата да се наведе причината.

**Мислење за информациите и податоците кои ги користи актуарот**

**Член 3**

(1) Во потврдата задолжително треба да се наведе изворот на податоците кои ги користи актуарот, информација за тоа дали друштвото за осигурување чува соодветни и веродостојни податоци за процена на техничките резерви, и опсегот за кој актуарот презема одговорност за точноста, усогласеноста и целосноста на податоците. Актуарот можеби ќе има потреба да користи или да се повикува на работата од други лица. Доколку постои ризик од забуна за поделбата на одговорноста на актуарот и на другите лица или организации, одговорноста треба јасно да се наведе во потврдата.

(2) Актуарот е должен да обрне внимание на сите значајни недостатоци во расположливите податоци. Поконкретно, актуарот треба да обрне внимание на недостатоците во податоците кои ги користи а кои значајно придонесуваат за неизвесност во неговите процени.

(3) Потврдата на актуарот задолжително треба да укаже на основата за поделбата на податоците во групи кои покажуваат слични карактеристики. При определувањето на соодветни подгрупи е потребно да се дојде до рамнотежа помеѓу хомогеноста и статистичката поткрепеност.

(4) Актуарот може да направи модификација на податоците при користење на актуарските методи (врз основа на други квалитативни и квантитативни информации кои му се познати на актуарот), а со цел добивање посоодветна процена; како, на пример: големи штети, промени во условите на договорите за осигурување и слично. Таквите модификации се дозволени само доколку во потврдата на актуарот е јасно наведена природата, причините, принципите и влијанието на извршената модификација, како и статистичка анализа за оправданоста на применетите претпоставки.

**Валута**

**Член 4**

(1) Сите парични износи во потврдата задолжително мора да бидат искажани во домашна валута.

(2) Во потврдата задолжително треба да се обелодени начинот и времето на конверзија на странските валути во домашна валута.

**Мислење на актуарот во однос на тарифите на премии**

**Член 5**

(1) Актуарот е должен да даде мислење за предложените тарифи на премии, дали се изготвени согласно прописите, стандардната пракса во актуарската професија и осигурувањето и дали се формирани на начин да обезбедуваат трајно исполнување на сите обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување.

(2) Актуарот е должен да даде мислење за предложените измени и дополнувања на постојните тарифи на премии, дали се изготвени согласно прописите, стандардната пракса во актуарската професија и осигурувањето, дали се формирани на начин да обезбедуваат трајно исполнување на сите обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување, како и мислење за остварениот технички резултат за последните три години со примена на новопредложените тарифи.

(3) По однос на предложените тарифи на премии и предложените измени и дополнувања на

постоечките тарифи на премии, актуарот дава информација за:

1) статистичките податоци и методите врз основа на кои се пресметани премиските стапки,

2) распределбата на премијата по класи на осигурување,

3) очекуваното портфолио на осигуреници.

**Мислење на актуарот во однос на техничките резерви**
**Член 6**

(1) Актуарот е должен да даде детален опис на применетата методологија за процена на бруто резервите за преносни премии и резервите за преносни премии нето од реосигурување и/или соосигурување. Тој исто така треба да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена се согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди.

(2) Актуарот е должен да даде детален опис на применетата методологија за процена на одложените трошоци за стекнување. Тој исто така треба да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена на одложените трошоци за стекнување соодветствуваат со методите за проценка на бруто резервите за преносни премии.

(3) Актуарот е должен да даде детален опис на применетата методологија за процена на бруто резервите за бонуси и попусти и резервите за бонуси и попусти нето од реосигурување и/или соосигурување, вклучувајќи ги условите и формата на исплата на бонусите. Тој исто така, треба да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите на процена се согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди.

(4) Актуарот е должен да даде детален опис на применетата методологија за процена на бруто резервите за штети и резервите за штети нето од реосигурување и/или соосигурување. Тој исто така, е должен да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена на настанатите и пријавени штети и настанатите но непријавени штети се согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, Правилникот за минималната содржина на евиденцијата и начинот на пријава, резервација и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување и актуарските стандарди. Исто така, треба да се образложи процесот и методот за алокација на резервите за штети по видови на осигурување согласно поделбата од Правилникот за статистичките осигурителни стандарди на друштвата за осигурување и/или реосигурување.

(5) Актуарот е должен да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методот за процена на еквилизационата резерва е согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди.

(6) Актуарот е должен да даде мислење за адекватноста, и тоа дали методите за процена на другите технички резерви се согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди.

(7) Актуарот е должен да даде:
1) детален опис за општите принципи и применетата методологија за процена на бруто математичката резерва и математичката резерва нето од реосигурување и/или соосигурување, адекватноста на процената на математичката резерва, и тоа дали методите за процена на математичката резерва се согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди.
2) износите што ја сочинуваат математичката резерва;

3) опис на основата за пресметка на математичката резерва за видовите осигурување на живот, како и на основата која се применува во тарифите на премии.

**Податоци во врска со реосигурување и соосигурување**
**Член 7**

(1) Актуарот е должен да даде мислење за тоа дали друштвото за осигурување обезбедило реосигурително покритие кое е во согласност со Програмата за реосигурување на друштвото за осигурување.

(2) Актуарот е должен да даде податоци и мислење за бруто и нето износот на годишниот коефициент на штети (со и без ефект на реосигурувањето) по класи на осигурување и вкупно за сите класи на осигурување за тековниот пресметковен период.

**Мислење за потребното ниво на маргината на солвентност и гарантниот фонд**
**Член 8**

(1) Актуарот е должен да даде мислење за пресметката на потребното ниво на маргина на солвентност и гарантниот фонд.

(2) Актуарот е должен да даде мислење за покриеноста на потребното ниво на маргината на солвентност, односно гарантниот фонд со капиталот.

**Мислење на актуарот во однос на**
**финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето**
**Член 9**

(1) Актуарот е должен да даде мислење за годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето, и притоа треба:

1) да наведе дали премиите и техничките резерви се пресметани согласно Законот, Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарската професија, и дали се формирани на начин да обезбедуваат трајно исполнување на сите обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување;

2) да ја прикаже динамиката за решавање и исплата на штети по класи на осигурување;

3) да го прикаже просечниот временски период за решавање на штетите (од денот на пријава) и исплата на штетите (од денот на пријава и од денот кога штетата е ликвидирана) по класи на осигурување, освен за рентните штети.

(2) Конечното мислење на актуарот може да биде:

1) Позитивно - доколку ставките, за коишто актуарот треба да даде мислење, се прикажани согласно Законот и другите прописи според кои треба да работат друштвата за осигурување, се во согласност со прописите на друштвото за осигурување, економските принципи, вообичаената пракса на актуарската професија и осигурителното работење, доколку обезбедуваат одржување на вредноста на средствата, гарантираат континуирана стабилност и солвентност во работењето, како и ликвидност во подмирувањето на обврските на друштвото за осигурување,

2) Мислење со резерва - доколку постои сомнеж дека одредени ставки, за коишто актуарот треба да даде мислење, не се прикажани согласно Законот и другите прописи според кои треба да работат друштвата за осигурување, не се во согласност со прописите на друштвото за осигурување, економските принципи, вообичаената пракса на актуарската професија и осигурителното работење, не обезбедуваат

одржување на вредноста на средствата, не гарантираат континуирана стабилност и солвентност во работењето и не обезбедуваат ликвидност во подмирувањето на обврските на друштвото за осигурување,

3) Негативно - доколку постојат определени ставки, за коишто актуарот треба да даде мислење, кои не се прикажани согласно Законот и другите прописи според кои треба да работат друштвата за осигурување, не се во согласност со прописите на друштвото за осигурување, економските принципи, вообичаената пракса на актуарската професија и осигурителното работење, доколку не обезбедуваат одржување на вредноста на средствата, не гарантираат континуирана стабилност и солвентност во работењето и не обезбедуваат ликвидност во подмирување на обврските на друштвото за осигурување.

(3) Мислењето мора да содржи и образложение за основата и причините врз основа на кои е дадена оцената.

(4) Доколку актуарот при вршење на својата работа утврдил дека пресметките ја загрозуваат долгорочната стабилност на друштвото за осигурување за исполнување на обврските кои произлегуваат од договорите за осигурување, тој треба да образложи дали за тоа го известил органот на управување и какви активности биле преземени за решавање на тоа прашање.

## Начин и рокови за доставување на потврдата на актуарот

### Член 10

(1) Актуарот ја изготвува потврдата, со исклучок на мислењето на актуарот во однос на финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето од член 9 од овој правилник, за следните периоди:

од 1 јануари до 31 март од тековната година (прв квартал);

од 1 јануари до 30 јуни од тековната година (втор квартал);

од 1 јануари до 30 септември од тековната година (трет квартал);

од 1 јануари до 31 декември од тековната година (четврт квартал).

(2) Потврдата од став (1) на овој член, актуарот ја доставува до Агенцијата, во електронска форма, во рок од 45 дена од завршетокот на кварталот за кој се однесува потврдата.

(3) По исклучок на став (2) од овој член, актуарот доставува потврда, во која е вклучено мислење на актуарот во однос на годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето од член 9 од овој правилник, и дополнително во рамки на пропишаните рокови за доставување на годишните финансиски извештаи и годишниот извештај за работењето на друштвото за осигурување.

(4) Агенцијата го задржува правото да пропише електронски формат на Потврдата на овластениот актуар.

## Завршни одредби

### Член 11

(1) Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 64/2011).

Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

(2) Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува на Потврдата на актуарот која е изготвена за периодот од 1 јануари до 31 март 2014 година.

(член 3 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр._______________________**
**_______.2014 година**
**Скопје**

**Претседател на Советот на експерти на Агенцијата**
**д-р Климе Попоски**

# ПРИЛОГ
# Потврда на актуарот

*(**Насоки за изготвување на потврдата на актуарот**: Текстот напишан со сива боја во овој прилог дава упатство за пополнување на соодветниот дел од образецот. Потврдата којашто актуарот ја доставува до Агенцијата не треба да го содржи текстот од овој прилог напишан со сива боја.*
*Во одредена точка, доколку се понудени повеќе одговори, актуарот треба да ги заокружи соодветните предлози.)*

**1)** Назив на Друштво: _______________________________
Адреса: ________________________________________
Телефон: _______________________________________
Веб-адреса: _____________________________________
Период за којшто се известува: ______________________
Име и презиме на актуарот: ____________________________________
Телефон: ___________________________
E-mail: _________________________________

**2)** Потврдата се изготвува во однос на следните класи на осигурување:
*(да се заокружат класите на осигурување во коишто друштвото на осигурување вршело работи на осигурување во тековниот пресметковен период)*
01 02 03 04 05 06 07 08 09 10 11 12
13 14 15 16 17 18 19 20 21 22 23

**3) Информации и податоци кои ги користи актуарот:**
*(да се даде образложение согласно член 3 од овој правилник)*

Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

**4) Валута**
*(да се опише начинот и времето на конверзија на странските валути во денари)*

**5) Тарифи на премии**
Во тековната година Друштвото има воведено нови тарифи или има направено измена во постојните тарифи на премии.
а) Да б) Не
*(во случај на позитивен одговор, да се даде краток опис во посебни потточки за секоја таква тарифа, вклучувајќи мислење за истата согласно член 5 од овој правилник и притоа да се прикаже методологијата за алокација по видови осигурување согласно поделбата од Правилникот за статистичките осигурителни стандарди на друштвата за осигурување и/или реосигурување)*

**6) Технички резерви**
Податоците за бруто техничките резерви и техничките резерви – дел од реосигурување и/или соосигурување од соодветните статистички обрасци, кои се составен дел на Правилникот за статистички осигурителни стандарди, се пресметани во согласност со Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарските стандарди и друштвото за осигурување може да одговори на сите свои обврски од осигурувањето.
а) Да б) Не
*(во случај на негативен одговор да се наведе образложение за причините)*
*Методите за пресметка на сите типови резерви се исти со методите опишани во претходната актуарска потврда.*
*а) Да б) Не*
*(во случај на негативен одговор да се наведе во кој дел настанала промена на методологијата и да се образложат причините за истата)*

**6.1. Резерви за преносни премии**
Во портфолиото на друштвото за осигурување се вклучени:
1) договори за осигурување кај коишто ризикот е рамномерно распределен за времетраењето на договорот,
2) договори за осигурување кај коишто ризикот линеарно се зголемува или намалува за времетраењето на договорот,
3) договори за осигурување кај коишто ризикот нелинеарно се зголемува или намалува за времетраењето на договорот.
Притоа:
- при пресметката на резервите за преносни премии по договорите од точка 1) е користен методот про рата темпорис опишан во Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.
а) Да б) Не
*(во случај на негативен одговор да се даде детален опис на применетиот метод, да се наведат и образложат сите причини и релевантни претпоставки за употребата на тој метод)*
- бројот на договори од точка 2) изнесува ___________ .
При пресметката на резервите за преносни премии по договорите од точка 2) е користен методот од точка 1/1.2/2) од Прилогот кон правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.

Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

а) Да б) Не
*(во случај на негативен одговор да се даде детален опис на применетиот метод, да се наведат и образложат сите причини и релевантни претпоставки за употребата на тој метод)*
- бројот на договори од точка 3) изнесува __________ .

При пресметката на резервите за преносни премии по договорите од точка 3) е користен методот _______________________________________________.
*(да се опише моделот на промена на ризикот и да се даде детален опис за применетиот метод, како и да се наведат и образложат сите причини и релевантни претпоставки за употребата на тој метод)*

*(да се опишат принципите за процена на резервите за преносни премии - дел во реосигурување и/или соосигурување)*

**6.1.1. Дополнителна резерва за неистечени ризици**
*(да се даде образложение за потребата од издвојување на дополнителна резерва за неистечени ризици, бруто и дел во реосигурување и/или соосигурување)*
*(во случај на позитивна дополнителна резерва за неистечени ризици, да се опише методологијата за процена на бруто и нето дополнителната резерва за неистечени ризици)*

**6.1.2. Одложени трошоци за стекнување**
*(да се даде образложение за сметководствените политики на друштвото во однос на издвојувањето на одложените трошоци за стекнување)*

*(да се даде образложение за применетите методи, релевантни претпоставки и нивото на сегментација на портфолиото при проценка на одложените трошоци за стекнување)*

*(да се опишат разликите меѓу методите и претпоставките кои се користат за процена на резервата за преносни премии и методите и претпоставките кои се користат за процена на одложените трошоци за стекнување, доколку такви разлики постојат)*

**6.2. Резерви за бонуси и попусти**
*(го пополнува само актуарот кој врши работи за Друштво за осигурување на живот)*
Резервите за бонуси и попусти се составен дел на математичката резерва
а) Да б) Не
*(да се наведат останати мислења, претпоставки, заклучоци и сл., во врска со издвојувањето на резервата за бонуси и попусти согласно член 6 став (2))*
*(го пополнува само актуарот кој врши работи за Друштво за неживотно осигурување)*
*(да се даде образложение за потребата од издвојување на резервата за бонуси и попусти)*
*(во случај на позитивни резерви за бонуси и попусти, да се опише методологијата за процена на бруто и нето резервите за бонуси и попусти)*

**6.3. Резерви за штети**

**6.3.1. Резерви за настанати и пријавени штети**

Резервите за настанати и пријавени штети се проценети во согласност со интерните правила на

друштвото за осигурување во врска со штетите, Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и Правилникот за минималната содржина на евиденцијата и начинот на пријава, резервација и ликвидација на штети од страна на друштвата за осигурување.
а) Да б) Не
*(во случај на негативен одговор да се даде образложение за причините)*
*(да се опишат принципите за процена на резервите за настанати и пријавени штети - дел во реосигурување и/или соосигурување)*

**6.3.1.1. Рентни штети**
За договорите за неживотно осигурување кај кои надоместоците се исплаќаат во облик на рента, резервите за настанати и пријавени штети се пресметуваат со:
- методот_____________________________(да се наведе и образложи актуарскиот метод)
- користена е таблица на смртност________________________________________________
*(доколку е користена таква таблица, да се наведе изворот)*
- каматна стапка ____________*(да се наведе каматната стапка)*

**6.3.2. Резерви за настанати но непријавени штети**

*(да се даде опис на начинот на процена на резервите за настанати но непријавени штети, по класи на осигурување, односно ризици во рамки на класите на осигурување. Описот треба да ги содржи сите релевантни факти и претпоставки кои ги користи актуарот и кои имаат влијание на конечниот износ, вклучувајќи ги информациите од член 3 став (4))*
*(да се опишат принципите за процена на резервите за настанати но непријавени штети - дел во реосигурување и/или соосигурување)*

**6.3.3. Резерви за повторно отворени штети**
Резервите за повторно отворени штети друштвото за осигурување ги регистрира како:
а) нови б) развој на постојните
Резервите за повторно отворени штети, односно резервите за штети кои ќе бидат повторно отворени се вклучени во резервите за настанати и пријавени штети, односно во резервите за настанати но непријавени штети.
а) Да б) Не
*- (да се наведе дали постојат повторно отворени штети за коишто е потребна посебна анализа)*

**6.3.4. Резерви за трошоци за обработка на штети**
Резервите за директни трошоци за обработка на штети се интегрален дел од резервите за настанати и пријавени штети и резервите за настанати но непријавени штети.
а) Да б) Не
*- (да се образложи како се пресметуваат резервите за директни трошоци за обработка на штети во случај кога нивниот износ е значителен во однос на износот на штетите или нивниот распоред на појавување е различен од времето на обработка и решавање на штетите, и да се наведат тие случаи)*
Износот на резервите за индиректни трошоци за обработка на штети изнесува ________% од збирот на резервите за настанати и пријавени штети, резервите за настанати но непријавени штети и резервите за директни трошоци за обработка на штети.

**6.4. Еквилизациона резерва**

Правилник за детална содржина на потврдата на овластениот актуар објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2014 и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за деталната содржина на потврдата на овластениот актуар „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 170/2019

*- (да се даде мислење за потребата од издвојување на еквилизационата резерва)*

**6.5. Други технички резерви**

*- (да се даде мислење за потребата од издвојување на другите технички резерви)*

**6.6. Математичка резерва**

Математичката резерва по сите договори за осигурување е пресметна со нето проспективна метода.

а) Да б)Не

*- (во случај на позитивен одговор да се наведе стапката на цилмеризација, годишната каматна стапка, изворот на таблиците на веројатност и дали резервата на пресекот на периодот е пресметана преку ефективната каматна стапка или со линеарна интерполација на математичката резерва пресметана на почетокот и на крајот од осигурителната година во која припаѓа денот на пресметката)*

*- (во случај на негативен одговор да се наведе користениот метод по типови договори и сите релевантни фактори за негова употреба, вклучувајќи ги и факторите наведени во претходната реченица)*

Составен дел на математичката резерва е и дополнителната резерва од точка 4.3/6) од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви.

а) Да б) Не

*- (во случај на позитивен одговор да се образложи методот, претпоставките и сите релевантни показатели за пресметка на дополнителната резерва)*

Просечниот принос кој Друштвото го остварило од вложувањата на средствата кои ја покриваат математичката резерва во претходните три години изнесува___________%.

*(Во следната табела треба да се пополнат компонентите коишто ја сочинуваат математичката резерва прикажана во соодветниот образец од Правилникот за статистичките осигурителни стандарди на друштвата за осигурување и/или реосигурување)*

*Табела 1*

*МАТЕМАТИЧКА РЕЗЕРВА Бруто износ Нето износ*

*Пресметана математичка резерва (со цилмеризација)*

*Резерва за преносни премии*

*Резерва за гарантирани бонуси и попусти*

*Резерви за идни бонуси и попусти*

*Дополнителна резерва (од точка 4.3/6) од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви)*

*Износ на административни трошоци по однос на договорите каде траењето на осигурување е подолго од траењето на плаќање премија*

*Останато*

*Износ на загарантирани откупни вредности*

*(да се опишат принципите за процена на математичката резерва - дел во реосигурување и/или соосигурување)*

*12*

***6.7. Run-off анализа***

*(да се прикажат резултатите од run-off анализата (апсолутни износи и релативни износи), и тоа:*

*- посебно за резервите за настанати и пријавени штети и резервите за настанати но непријавени штети, доколку актуарот користи методологии со кои се проектираат*

*само резервите за настанати но непријавени штети, односно*
*- за вкупните резерви за штети, доколку актуарот користи методологии со кои се проектираат вкупните резерви за штети.*
*Run-off анализата треба да биде направена за бруто резервите за штети, и притоа треба да бидат земени предвид сите штети. Доколку актуарот смета дека одредени штети ја искривуваат сликата, тогаш тоа треба посебно да го наведе.*
*Run-off анализата се прави за класите, односно подкласите на осигурување кои се наведени во Табела 2 за друштвата кои вршат работи на неживотно осигурување, односно Табела 3 за друштвата кои вршат работи на животно осигурување.*
*Run-off анализата се прави од гледна точка на последниот ден од Периодот, а за состојбата на резервите за штети на 31.12., секоја година наназад, или до целосен run-off на разгледуваните резерви за штети, или до 31.12.2011.)*

*13*

*Табела 2 АО*
*незгода каско моторни*
*возила имот вкупно Вкупно ЗАО ЗК општа*
*одговорност Вкупно*
*износ % износ % износ % износ % износ % износ % износ % износ %*
*01.1 01.2 03.1 03.2 89.1 89.2 10.1 10.2 1001.1 1001.2 1002.1 1002.2 13.1 13.2 0000.1 0000.2*
*31.12.2011 11*
*31.12.2012 12*
*31.12.2013 13*
*... ...*

*Табела 3*
*Дополнително*
*незгода*
*Дополнително*
*здравствено Вкупно*
*износ % износ % износ %*
*1901.1 1901.2 1902.1 1902.2 0000.1 0000.2*
*31.12.2011 11*
*31.12.2012 12*
*31.12.2013 13*
*... ...*

*(мислење на актуарот за резултатите од run-off анализата. При анализата на run-off резултатите треба да се земат предвид и*
*движењата на run-off резултатите од актуарските потврди за претходни Периоди)*

*14*

***7) Реосигурување и соосигурување***

***7.1. Реосигурување***

*(мислење за реосигурителното покритие во однос на Програмата за реосигурување)*

*Табела 8*
***Годишен коефициент на штети***
*Коефициент на*
*штети со ефект*
*на*
*реосигурување*
*Коефициент на*
*штети без ефект*
*на*

*реосигурување*
*незгода 01*
*здравствено 02*
*...*

*(Забелешка: Доколку друштвото за осигурување врши работи на активно реосигурување, треба да се пополнат аналогни табели по однос на договорите од активното реосигурување Коефициентот за штета со ефект на реосигурување се пресметува согласно формулата за годишниот коефициент на штета дадена во точка 3.1. од Прилогот кон Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви, со тоа што соодветно треба да биде земена предвид и дополнителната резерва за неистечени ризици. При пресметката на бруто коефициентите на штета, параметрите кои се однесуваат на делот во реосигурување и/или соосигурување од оваа формула нема да бидат земени предвид. Коефициентот на штети се искажува како % со една децимала.*

*Да се даде мислење за прикажаните коефициенти на штета, како и мислење за тоа дали постојат параметри од работењето на друштвото кои не се земени предвид при пресметката на коефициентот на штета но кои значајно влијаат врз техничкото работење на друштвото за осигурување.)*

***8) Потребно ниво на маргина на солвентност и гарантен фонд***

*Пресметката на потребното ниво на маргината на солвентност, гарантниот фонд и капиталот е*
*направена согласно Законот, Правилникот за пресметка на потребното ниво на маргина на солвентност и Правилникот за видовите и описот на ставките што ќе се земат предвид при пресметка на капиталот.*

*а) Да б) Не*

*- (во случај на негативен одговор да се образложи мислењето)*

*- (да се даде мислење за вишокот/недостатокот на капиталот во однос на потребното ниво на маргина на солвентност, односно гарантниот фонд)*

***9. Финансиски извештаи и годишен извештај за работењето***

*- (да се наведе дали премиите и техничките резерви се пресметани согласно Законот, Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви и актуарската*
*15*
*професија, и дали се формирани на начин да обезбедуваат трајно исполнување на сите обврски на друштвото за осигурување кои произлегуваат од договорите за осигурување)*

*- (да се прикаже динамиката за решавање и исплата на штети по класи на осигурување)*

*- (да се прикаже просечниот временски период за решавање на штетите (од денот на пријава) и исплата на штетите (од денот на пријава и од денот кога штетата е ликвидирана) по класи на осигурување, освен за рентните штети)*

*Конечното мислење за состојбата на друштвото за осигурување прикажана во финансиските извештаи и годишниот извештај за работењето е:*

*а) позитивно б) мислење со резерва в) негативно*

*(да се даде образложение за избраната опција согласно член 9 став 2), 3) и 4) од овој правилник)*

***10. Останато***

*(да се наведат останати мислења, претпоставки, заклучоци и сл., коишто не се наведени во претходната содржина)*

*Датум:_________________ Потпис:___________________*